# Компонента на постапување во непредвидени вонредни состојби

# Рамка за управување со еколошки и социјални прашања

Проект за поврзување на локалните патишта (ППЛП), Република Северна Македонија

јуни 2020

## ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во овој Извештај е дадена Рамка за управување со еколошките и социјалните прашања (РУЕСП), за да се опфатат еколошките и социјалните прашања поврзани со Проектот за поврзување на локалните патишта на Владата на Северна Македонија.

Документот претставува одговор на барањето да се опфатат Ставовите 12-14 од „Проекти во ситуации на итна потреба од помош или ограничувања на капацитетот", кои се применуваат во однос на Компонентите на постапување при непредвидена вонредна состојба (КПНВС) при активирање на тие Компоненти. Во таков случај, КПНВС го поддржува спроведувањето на Уредбата на Владата на Северна Македонија за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствената и економската криза предизвикана од вирусот КОВИД 19, со која се утврдува механизам за поддршка на приходите за месеците април, мај и јуни 2020.

Конкретно, со оваа Рамка за управување со еколошки и социјални прашања (РУЕСП) се:

- утврдуваат индикативните активности поврзани со КПНВС,
- дефинираат процедурите за оценување на еколошките и социјалните влијанија на тие активности,
- изложуваат мерките/плановите за намалување, ублажување и/или неутрализирање на негативните влијанија.

За да се обезбеди сообразеност на подпроектните активности на КПНВС со Еколошката и социјалната рамка (ЕСР) и инхерентните стандарди (Еколошки и созијални стандарди – ЕСС) на Банката, беше изработена негативна листа на активности кои не се квалификуваат за финансирање, со цел да се дадат насоки за критичните производни и услужни дејности кои може да се квалификуваат за финансиска помош.

Негативните активности во рамки на КПНВС ја вклучуваат листата за општо исклучување на Групацијата Светска Банка, но не се ограничени на: активности кои предизвикуваат Значителна трансформација или деградација на критични шумски области, активности поврзани со Еколошки опасни стоки, Производство, обработка и продажба на тутун, Производство на огнено оружје и Производство или трговија со алкохолни пијалаци, со исклучок на Производство на пиво и вино и угостителски услуги и туризам. Освен тоа, компаниите со дејност поврзана со брани и влијание врз културното наследство и заштитените подрачја, исто така не се квалификуваат за финансирање. Врз основа на негативната листа, Клиентот изработи прашалник кој ќе се применува при скринингот на поддржаните субјекти и активности. Субјектите опфатени со прашалникот нема да добијат поддршка од кредитната линија на Банката, надвор од другите кредитни линии креирани за истата цел.

Со оглед на тоа што со проектот се финансира единствено обртен капитал (плати) во секторите кои се критично погодени со мерките за забрана на движењето поради КОВИД-19, ризикот на оваа компонента на КПНВС е рангиран како **низок**. Според тоа, освен листата на исклучени дејности, не се препорачани никакви други мерки на ублажување на еколошките и социјалните последици.

СОДРЖИНА

**1 ВОВЕД 4**

1.1 Историја 4
1.2 Опфат 4
1.3 Опис на Проектот 4

**2 СПРОВЕДУВАЊЕ 6**

**3 ЦЕЛ НА ДОКУМЕНТОТ 7**

**4 КАТЕГОРИЗАЦИЈА 8**

**5 КОМПОНЕНТА НА МОЖНИ РИЗИЦИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ ВО ИТНИ СИТУАЦИИ (КПНВС) 9**

5.1 Општо 9
5.2 Процедури на скрининг 10
5.3 Негативна листа на КПНВС 12
5.4 Прашалник за квалификуваност за КПНВС 14

**6 МЕХАНИЗАМ НА СПРАВУВАЊЕ СО ПОПЛАКИ** ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

6.1 Процес на справување со поплаки **Error! Bookmark not defined.**
6.2 Систем за справување со поплаки на Светска Банка **Error! Bookmark not defined.**

**7 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ 19**

**8 ЈАВНИ КОНСУЛТАЦИИ 19**

**КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| ЕиС | Еколошки и социјален |
| ППЖС | План за посветеност на животната средина |
| ОВЖС | Оцена на влијанието врз животната средина |
| ППЕСП | План за посветеност на еколошките и социјалните прашања |
| ЕСР | Еколошка и социјална рамка |
| ОЕСВ | Оцена на еколошкото и социјалното влијание |
| РУЕСП | Рамка за управување со еколошките и социјалните прашања |
| ПУЕСП | План за управување со еколошките и социјалните прашања |
| ЕСС | Еколошки и социјални стандарди |
| КПНВС | Компонента на можни ризици при постапување во итни ситуации |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| МОП | Механизам за справување со поплаки |
| СОП | Служба за справување со поплаки |
| ДОЕСВ | Делумна оцена на еколошкото и социјалното влијание |
| ППЛП | Проект за поврзување на локалните патишта |
| ЕЛС | Единици на локалната самоуправа |
| МФ | Министерство за финансии |
| ГС | Генерален секретаријат |
| НВО | Невладина организација |
| СВ | Службен весник |
| БЗР | Безбедност и здравје при работа |
| ДЗС | Други заинтересирани страни |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| ПОСИС | Проектно одделение за итно сообразување |
| ПВЗС | План за вклучување на засегнатите страни |
| СБ | Светска Банка |

# 1 Вовед

## 1.1 Историја

Владата на Северна Македонија (ВМ) доби финансиска поддршка од Светската Банка/Меѓународната агенција за развој за спроведување на Проектот за поврзување на локалните патишта, чија развојна цел е подобрување на капацитетот на владата да управува со локалните патишта и на пристапот до пазари и услуги. Износот на заемот за Проектот е 70 милиони евра, од кои US$ 0 се издвоени за компонентата наречена Компонента за можни ризици при постапување во итни ситуации („КПНВС"). Во доследност со развојната цел на Проектот, со средствата за КПНВС ќе се финансираат трошоците за итно заздравување по катастрофата, како поддршка на напорите на Владата за брзо постапување во итната ситуација.

Во оваа Рамка за управување со еколошки и социјални прашања („РУЕСП") се дадени Еколошките и социјалните инструменти поврзани со Компонентата 4 од Проектот за поврзување на локалните патишта – КПНВС.

## 1.2 Опфат

Техничкиот анекс за Проектот за поврзување на локалните патишта во КПНВС е осмислен така што да помогне во спроведувањето на механизмот за поддршка на приходите воспоставен од страна на Владата на Северна Македонија како дел од нејзината програма за одговор на кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19 и модалитетите на финансирање на механизмот од страна на Светската Банка во рамките на Компонентата за можни ризици при итно постапување (КПНВС) на Проектот за поврзување на локалните патишта.

Механизмот за поддршка на приходите е институционализиран со владината Уредба за финансиска поддршка на работодавачи од приватниот сектор погодени со здравствената и економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, со која се воспоставува механизам за поддршка на приходите за месеците април, мај и јуни 2020 година (во натамошниот текст: „Уредба"). Основната цел на механизмот е да им овозможи на работодавачите да ги задржат вработените на својот платен список во текот на кризата, за да можат одново да започнат со своето работење брзо и ефикасно по кризата.

## 1.3 Опис на Проектот

Пандемијата со КОВИД-19 ги исправи Владите во целиот свет пред предизвици без преседан. Тековните околности наметнуваат потреба од концепт на управување со одговорот на кризата со висок степен на прилагодливост, со цел ситуацијата која може брзо да еволвира да се сведе на минимум и да се управува со неа. Поради тоа, сите страни кои се вклучени во спроведувањето на проектот ќе мора да вложат разумни напори, свесни за тоа дека она што е можеби можно денес може да се смени следната недела (и во позитивна насока, затоа што може да бидат расположливи повеќе средства и насоки за борба против кризата, но и во негативна, затоа што може да дојде до забрзано ширење на вирусот).

Со цел да ја ублажат кризата и да го спречат натамошното ширење на болеста, голем број земји, вклучително и Република Северна Македонија (РСМ), беа принудени да прогласат мерки на забрана на движењето и работа на претпријатијата и (економските) активности кои не се од витално значење.

Во моментот, мерки на целосна или делумна забрана на движењето погодуваат речиси 2,7 милијарди работници ширум светот, што претставува околу 81 процент од

глобалната работна сила. Во сегашната ситуација, компании во разни економски сектори, особено помалите, се соочуваат со катастрофални загуби, кои ги загрозуваат нивното работење и ликвидност, додека милиони работници се изложени на губење на приходите и отпуштање од работа. До најголем број на изгубени работни места и намалено работно време ќе дојде кај најпогодените сектори. Клучните сектори ги вклучуваат малопродажбата, услугите на сместување и снадбување со храна, како и производните дејности. Без соодветни мерки на политиките, работниците се соочени со висок ризик од осиромашување и ќе минат низ уште поголеми предизвици во напорите да си ја повратат егзистенцијата во текот на периодот на заздравување.[1]

Северна Македонија е земја со средно-високи приходи, која презеде крупни чекори во насока на реформирање на својата економија во текот на минатата декада. По силниот економски раст во текот на периодот од 2002 до 2008 година којшто изнесуваше 4,3% во просек, просечниот раст на БДП опадна на 2,1% годишно од 2009 година наваму. Главните двигатели на растот од 2009 година наваму се градежништвото, индустријата и големопродажбата и малопродажбата.2 И покрај тоа што Северна Македонија постигна историски најниско ниво на невработеност од 16,6% во јануари 2020., проекциите беа дека, поради глобалната пандемија, стапката на невработеност ќе се покачи на повеќе од 19% до крајот на првото тримесечје од 2020. Се предвидува дека овој процент ќе надмине 20% до крајот на годината.




Слика 1: Проекции на невработеноста во Северна Македонија
(Извор: www.tradingeconomic.com / Државен завод за статистика на Северна Македонија)

Во такви околности, со Проектот за модернизација на локалните патишта (ПМЛП), финансиран од страна на Светската Банка, беше активирана Компонентата за можни ризици при постапување во итни ситуации (КПНВС), со која се пренасочуваат 50 милиони евра како фискален одговор на итната ситуација во поддршка на Финансиската поддршка на работодавачи од приватниот сектор погодени со здравствената и економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, за исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020, која ја спроведува Владата на РСМ.

Со КПНВС ќе се финансираат субвенциите на платите во вид на грантови доделени

1 Монитор на Меѓународна организација на трудот (ILO): КОВИД-19 и сферата на работење; Второ издание на Ажурираните процени и анализи (пристапено на 20 април 2020.) https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/@dgreports/@dcomm/documents/briefingnote/wcms_740877.pdf

на сите компании кои се квалификуваат, а кои биле принудени да ги затворат своите продажни места или кај кои дошло до намалување на приходите, но чие работење не било забрането. Квалификуваноста на компаниите кои ќе поднесат барање за грант ќе се утврдува врз основа на процес на скрининг врз основа на повеќе критериуми, по приемот на односните барања.

Компаниите кои се исклучени од финансирањето се следните:

- Компании кои вработуваат повеќе од 250 вработени
- Компании кои не се одржливи (погледнете го делот „Филтер на одржливоста“ подолу)
- Компании кои не ги исполнуваат своите даночни обврски (должат повеќе од 5.000 евра)
- Компании кои имаат загуби две години по ред
- Компании кои доцнат со исполнувањето на своите обврски по заеми 90 дена или подолго.

# 2 Спроведување

Поради итната здравствена ситуација како последица на пандемијата на Ковид 19 и желбата да се поддржат претпријатијата погодени од пандемијата, КПНВС ќе го спроведува Генералниот Секретаријат на Владата (ГС). Со тимот на ГС ќе предводи Раководителот на Секторот за финансиски работи, а самиот тим ќе се состои од јавни службеници во ГС, кои ќе бидат одговорни за спроведување на мерките на одговор на Ковид-19 финансирани од националните фондови и ќе бидат поддржани од надворешни фидуцијарни и други неопходни услуги, кои ќе ги обезбедат консултантите кои во моментот работат во агенциите за спроведување на проектот и кои се одговорни за различни проекти финансирани од Светската Банка. Ќе се формираат два тима од одделенијата за спроведување проекти (ОСП) на постојните проекти на Светската Банка:

a. Првиот тим за управување со финансиските прашања, кој ќе се состои од 2 лица - едно лице од Одделението за спроведување на Проектот за подобрување на општинските услуги – ОСП за ППОУ (Министерство за финансии) и едно лице од Одделението за спроведување на Проектот за поврзување на локалните патишта – ОСП за ППЛП (Министерство за транспорт и врски). Работата на овој тим ќе ја координира ОСП за ППОУ; и
b. Вториот тим за Социјални и еколошки заштитни мерки, кој, исто така, ќе се состои од 2 лица – едно лице од ОСП за ППОУ (Министерство за финансии) и едно од Одделението за спроведување на Проектот за надградба и развој на патишта – ОСП за ПНРП (Јавно претпријатие за државни патишта). И работата на овој тим, исто така, ќе ја координира ОСП за ППОУ.

Гореспоменатите локални консултанти ќе треба да имаат потпишано договори со ГС и ќе работат бесплатно или за симболична награда од ГС (доколку локалните консултанти бидат ангажирани подолго од 2 месеци, ГС ќе исплати разумен надоместок за нивниот ангажман). Тимот на јавни службеници од ГС и двата тима составени од локалниот персонал на ОСП ќе бидат организирани во едно одделение, наречено Проектно одделение за сообразување со итната ситуација (ПОСИС). ПОСИС ќе биде водечката агенција во Владата на Северна Македонија, одговорно за спроведување на итни активности, вклучувајќи ги сите аспекти поврзани со набавки,

финансиско управување, мониторинг и евалуација и сообразување со заштитните мерки.

Капацитетот на ПОСИС за ЕиС е проценет во однос на барањата на Светската Банка за заштитни мерки и е оценет како прифатлив:

- Должната анализа на ЕиС на КПНВС ќе биде поддржана од страна на раководителот на Одделението за еколошки и социјални прашања на ЈПДП (Јавното претпријатие за државни патишта). ЈПДП успешно ги спроведе Проектот за национални и регионални патишта и Проектот за надградба и развој на патиштата (ПНРП), и двата финансирани од Светската Банка. ПНРП е оценет како проект од Еколошка категорија А. Тековната оцена на одвивањето на ПНРП е Умерено задоволително во однос на Управувањето со животната средина и Задоволително во однос на Управувањето со социјалните прашања.
- А каква е состојбата со спроведувањето на ППОУ?

# 3 Цел на документот

Целта на овој документ е да се дадат насоки за должната анализа на еколошките и социјалните аспекти на активностите во рамките на КПНВС (вклучително и скринингот, еколошката анализа и други процедури) и да се организира управувањето со еколошките и социјалните прашања на компонентата КПНВС во согласност со Еколошката и социјалната рамка (ЕСР) на Банката.

Во ЕСР, Рамката за управување со еколошки и социјални прашања (РУЕСП) е дефинирана како:

- Инструмент со кој се испитуваат ризиците и влијанијата во случај на проект кој се состои од програма и/или низа подпроекти, а ризиците и влијанијата не може да се утврдат се додека не бидат утврдени деталите на програмата или деталите на подпроектот.
- РУЕСП ги поставува начелата, правилата, насоките и процедурите со кои треба да се оценат еколошките и социјалните ризици и влијанија. Таа содржи мерки и планови за намалување, ублажување и/или неутрализирање на негативните ризици и влијанија, одредби за проектирање и буџетирање на трошоците за тие мерки, како и информации за агенцијата или агенциите одговорни за управување со ризиците и влијанијата на проектот, вклучително и во однос на нејзиниот (нивниот) капацитет за управување со еколошките и социјалните ризици и влијанија. Во рамката се вклучени соодветни информации за подрачјето на кое се очекува подпроектите да бидат лоцирани, вклучително и за сите евентуални еколошки и социјално ранливи карактеристики на тоа подрачје, како и за можните последици до кои може да дојде и мерките на ублажување на тие последици кои може да се очекува дека ќе бидат применети.

Со оваа РУЕСП, особено се:

- утврдуваат индикативните активности поврзани со КПНВС,
- оценуваат еколошките и социјалните влијанија на тие активности,
- дефинира квалификуваноста за поддршката,
- дефинираат процедурите на скрининг на активностите кои се предлага да бидат поддржани.

# 4 Категоризација

Додека првичниот Проект за поврзување на локалните патишта на Владата на Северна Македонија содржи значителен еколошки и социјален ризик, ризикот на неговата компонента КПНВС е **низок**, затоа што со неа се поддржува единствено обезбедувањето двомесечни плати за критичните економски сектори во Северна Македонија. Проектот не вклучува никакви градежни работи, експропријација на земјиште, производни активности или каков и да е друг вид активности со кои може евентуално да се извршат негативни еколошки и социјални влијанија. Напротив, се предвидува проектот да има само позитивни социо-економски влијанија, затоа што со него се спречува губењето работни места и намалувањето на животниот стандард. Спроведувањето на активностите на КПНВС ќе биде позитивно и итно потребно. Следствено, за активностите на КПНВС ќе бидат релевантни исклучиво Еколошките и социјалните стандарди ЕСС1 и ЕСС10 од ЕСР.

Релевантност на еколошките и социјалните стандарди (ЕСС) на Светската Банка за Проектот

| **Релевантност на еколошките и социјалните стандарди на Светската Банка за Проектот** | | |
|---|---|---|
| **ЕСС** | **Релевантност** | **Активности на КПНВС** |
| ЕСС1- Оцена и управување со еколошките и социјалните ризици и влијанија | Релевантен | Обезбедување помош во спроведувањето на механизмот за поддршка на приходите воспоставен од страна на ВМ |
| ЕСС10- Вклучување на засегнатите страни и обелоденување информации | Релевантен | Обезбедување помош во спроведувањето на механизмот за поддршка на приходите воспоставен од страна на ВМ |
| ЕСС2- Услови за работа и живот | Нерелевантен | |
| ЕСС3- Ефикасност на ресурсите и спречување и управување со загадувањето | Нерелевантен | |
| ЕСС4- Здравје и безбедност во заедницата | Нерелевантен | |
| ЕСС5- Експропријација на земјиште, рестрикции на користењето земјиште и недоброволно преселување | Нерелевантен | |
| ЕСС6- Зачувување на биолошката разновидност и одржливо управување со живите природни ресурси | Нерелевантен | |
| ЕСС7- Автохтони народи/Историски недоволно опслужени традиционални локални заедници во Супсахарска Африка. | Нерелевантен | |
| ЕСС8- Културно наследство | Нерелевантен | |
| ЕСС9- Финансиски посредници | Нерелевантен | |

Најголемиот ризик за активностите на потенцијалните корисници е ограничениот временски период пред почетокот на Програмата и кусите крајни рокови за сите активности, што доведува до тоа одредени компании со ранливи вработени на кој им е најмногу потребна поддршка да не може да ги достави барањата на време и да добие поддршка од Програмата.

Со цел да се ублажи ризикот, Програмата на КПНВС предвидува процедури на едноставно онлајн поднесување барање, при што заинтересираните компании ќе треба само да пополнат краток прашалник пред да добијат поддршка на приходите и подоцна да ја поднесат придружната документација во потврда на својата квалификуваност, кога ќе биде спроведена надворешна ревизија.

Освен тоа, во рамките на Програмата на КПНВС ќе се спроведе брза, но интензивна кампања, за да се осигури дека сите потенцијални компании и вработени-корисници се известени за Програмата, а особено за процесите и процедурите со кои ќе се

стекнат со придобивки од Програмата, вклучително и критериумите за квалификација и постапката на поднесување барање.

Еколошкиот ризик на КПНВС е оценет како низок, со оглед на тоа што неговите можни негативни ризици и влијанија врз луѓето и/или животната средина веројатно ќе бидат занемарливи. Проектот нема директно да резултира со никакви работи или набавка на стоки, затоа што обезбедува финансирање непредвидени ситуации, со цел да се помогне во спроведување на механизмот за поддршка на приходи воспоставен од страна на ВМ.

Целта на оваа РУЕСП е да даде насоки и да воспостави процедури за скрининг на активностите дозволени со КПНВС.

# 5 Компонента на можни ризици при постапување во итни ситуации (КПНВС)

## 5.1 Општо

КПНВС е осмислена така што да овозможи брз одговор во случај на Квалификувана криза или итна ситуација[2] преку дел од неискористената проектна рамка, за да се задоволат итните финансиски потреби во текот на кризата и по неа. КПНВС може да се користи по природни катастрофи или други кризи и итни ситуации, со дозволување на пренасочување од други компоненти на проектот. Во случај на настан на итна ситуација, не се предвидува дека пренасочувањето на проектните фондови ќе предизвика сериозно нарушување на спроведувањето на проектот.

Активностите во рамките на Компонентата 4 на ППЛП ќе подлежат на Директивата на Светската Банка *Компоненти на можни ризици при постапување во итна ситуација (КПНВС)* (октомври 2017). Распределбата на финансиски средства за итни ситуации според КПНВС ќе биде условено од:

a) тоа примателот да има утврдено меѓусебна поврзаност на настанот на катастрофа и потребата од пристап до средства за поддршка на активностите на заздравување и обнова („настан што се квалификува“); и

b) поднесувањето План за постапување во итна ситуација (ППИС), на кој Светската Банка нема забелешки.

ППИС ќе вклучува список на активности, методологија на набавки и управување со еколошките и социјалните прашања во рамките на процедурите на ЕСР.

Со ППИС ќе се бара разгледување на еколошките и социјалните импликации на сите предложени активности во итната ситуација. Во рамки на процесот на одобрување без забелешки, Светската Банка детално ќе ја испита природата на предложените активности, за да се осигури дека:

**(i)** не се забранети согласно со негативната листа,

**(ii)** процедурите на скрининг, анализа и надзор се задоволителни за СБ, и

**(iii)** примателот е свесен за последиците од непочитување на правилата пред започнување на процесот според кој ќе се спроведат предложените активности.

[2] Дефиниран како „настан кој извршил или има изгледи неодложно да изврши значително негативно економско и/или социјално влијание, поврзано со природни или катастрофи предизвикани од човекот“, OP/BP 8.00, Брз одговор на кризи и итни ситуации.

Се очекува дека, откако Светската Банка ќе изврши филтрирање на фирмите, околу 64.000 вработени ќе бидат поддржани со нето минимална плата[3]. Околу 16.000-30.000 вработени во одржливи фирми во секторите туризам, транспорт и угостителство ќе се квалификуваат за добивање 50% од опфатените социјални придонеси. Како таков, се очекува КПНВС да распредели приближно 36 милиони американски долари. Дополнителен износ од најмногу 10 милиони американски долари ќе и биде достапен на Владата во рамките на КПНВС, за користење во идните месеци на кризата. Светската Банка и Владата ќе го оценат статусот на кризата и потребите и ќе дискутираат за користењето на ова можно дополнително финансирање во мај 2020.

## 5.2 Процедури на скрининг

Оваа КПНВС е осмислена така што да **функционира како механизам на распределба**. Најпрво, наменска банкарска сметка на која ќе стојат средствата на КПНВС ќе биде отворена во Централната банка на име на ПОСИС.

Во периодот помеѓу 13 мај и 13 јули 2020., Владата ќе изврши исплати во сите компании кои се квалификувале за механизмот за поддршка на приходите. Се очекува потоа, за приближно најмногу до една недела, вкупниот износ на средства кои се соодветни за барателите кои ги исполнуваат критериумите за квалификација на Светската Банка да биде префрлен од сметката на ПОСИС во Централната банка на буџетската сметка на Владата во Централната банка. Средствата на Светската Банка ќе бидат организирани како засебна кредитна линија, така што ќе може да се следи поддршката на активностите.

Барањата ќе се прибираат преку постојниот портал за електронско оданочување на УЈП, со додатокот за целите на КПНВС. Во моментот се изработува нов образец за онлајн барање, вклучително и прашалник кој ќе треба да го пополнат барателите и кој ќе биде достапен на порталот за електронско оданочување за поднесување барања од страна на заинтересираните фирми. Тимот на Банката му достави информации за тој образец на тимот на УЈП за целите на изработка на нов образец за онлајн барање, за да се осигури нивно сообразување со барањата на Банката.

Документацијата за барањето ќе ја содржи негативната листа и прашалникот кој треба да го пополнат заинтересираните фирми. Пополнетите прашалници ќе ги скенираат специјалисти на Одделението за спроведување на проектот (ОСП) (вклучително и специјалистите за еколошки и социјални прашања), врз основа на што ќе се оценува квалификуваноста на барањата за поддршка.

Барателите не би требало да можат да поднесат барање доколку не одговориле на сите прашања и не ги пополниле сите задолжителни полиња со податоци.

Додека од барателите не се бара да поднесат придружна документација во поддршка на нивните одговори на прашалникот, квалификуваноста (вклучително и од ЕиС аспект) на сите баратели, сепак, ќе се утврдува со последователна надворешна ревизија.

ОСП го известува ПОСИС за резултатите од скринингот, по што ПОСИС ги ослободува средствата од кредитната линија на СБ, доколку се утврдило дека компанијата се квалификувала во однос на еколошките и социјалните критериуми, како и во однос на други критериуми. Во случај да се утврди дека компанијата не се квалификува според критериумите на СБ, сепак може да добие помош од другите кредитни линии и инструменти на Владата.

Владата и Светска Банка се договорија финансирањето на механизмот во рамките на КПНВС да биде строго наменско. Строгата наменска природа ќе се заснова на

[3] Секторот земјоделие е исклучен од КМРПИС, затоа што добива поддршка во рамките на други програми на СБ.

следните три филтри:

a. *Филтер за претпријатија*: Средства од КПНВС ќе бидат достапни само за микро, мали и средни претпријатија (т.е. претпријатија со помалку од 250 вработени во моментот на поднесување барање за механизмот за делумна невработеност). Филтерот за претпријатија ќе се применува врз основа на податоците добиени од Управата за јавни приходи (УЈП). УЈП располага со информации за бројот на вработени во одредена фирма;

b. *Филтер во однос на заштитни мерки.* Средства од КПНВС ќе бидат достапни само за претпријатија кои ги исполнуваат барањата во поглед на Еколошките и социјалните заштитни мерки кои се однесуваат на работењето на Светска Банка.

   Филтерот во однос на заштитни мерки ќе се применува преку одреден број конкретни прашања предвидени во прашалникот како дел од образецот на барање кој заинтересираните компании треба да го поднесат до УЈП. Прашалникот е даден подолу, во Глава 5.4. Треба да биде задолжително за сите фирми-баратели да одговорат на сите наведени прашања. Барателот не би требало да може да го поднесе барањето доколку не одговорил на сите прашања.

c. *Филтер на одржливост*: Средства од КПНВС ќе бидат достапни само за претпријатија кои ќе го поминат тестот на одржливост разгледан погоре. Филтерот на одржливост ќе се применува на два начина:

   - Тестовите на одржливост во однос на неплатени даноци и загуби ќе се применуваат врз основа на постојните информации во базата на податоци на УЈП, а работодавачот нема да мора да поднесува до УЈП одговори на одредени прашања од прашалникот. Критериумите за исклучување кои ќе се спроведуваат при оценувањето на неплатените даноци и загуби се следните:

     - Компании кои должат даноци во износ од над 5.000 евра
     - Компании кои имале загуби искажани во даночните пријави поднесени во 2018 и 2019 година

   - Тестот на одржливост во однос на Кредитното биро ќе се спроведува по пат на размена на информации помеѓу Кредитното биро и УЈП. Конкретно, УЈП ќе му достави на Кредитното биро список на фирми кои ги минале првите два филтри на одржливост, а Кредитното биро го разгледува списокот и ја известува УЈП за претпријатијата кои имаат долгови достасани пред 90 или повеќе дена на 29 февруари 2020., што е критериум за исклучување од аспект на Кредитното биро.

По завршувањето на процесот на барање грант, на веб-страницата на агенцијата за спроведување ќе биде јавно објавен список на квалификуваните фирми.

**Надворешна ревизија**

Со КПНВС ќе се финансира последователната ревизија на компаниите кои добиле средства, за ретроспективно да се потврди дека ги исполнувале условите за финансирање (на пр., исполнување на условите, сообразеност со барањата на ЕСР, итн.). Во било кој момент по август 2020., но до пред крајот на 2020., надворешен ревизор ќе спроведе финансиска ревизија за да го верификува правилното користење на средствата и да поднесе извештај до Светска Банка. Со Ревизијата ќе

се анализираат и релевантните ЕиС документи[4], за последователно да се потврди квалификуваноста на компаниите-кориснички. Ревизијата ќе се спроведе независно од ревизијата извршена во однос на другите компоненти на Проектот за локални патишта.

Резимето од извештајот за ревизија ќе биде јавно објавен на веб-страницата на агенцијата за спроведување. Освен тоа, наодите од повратните информации ќе бидат презентирани во вид на извештај и јавно објавени на веб-страниците на агенциите за спроведување. Извештајот ќе содржи резиме на искуството стекнато и поуките извлечени од Проектот, како и предлог за изработка на идни слични Програми. Во случај повратните информации да укажат на сериозни проблеми (на пр., при спроведувањето на Програмата), ПОСИС веднаш ја известува СБ и предлага корективни мерки за да се обезбеди целосна транспарентност.

За целите на известување на Светската Банка (Меѓународните стандарди за финансиско известување) за управувањето со финансиите, специјалистот за финансиско управување на ПОСИС назначен за компонентата КПНВС ќе ги изработи деловите од извештајот за компонентата КПНВС. Интервалите и рокот за известување ќе бидат исти како и за Проектот за локални патишта.

## 5.3 Негативна листа на КПНВС

Со Проектот нема да се финансираат дејности кои, на пример, би влијаеле врз природните живеалишта или шумите, финансиски експерименти или производство на пестициди или дејности со кои би се предизвикало економско и социјално раселување; дејности кои вклучуваат стекнување земјиште или каква и да е форма на преселување; сите дејности наведени на Листата на исклучување на Меѓународната финансиска корпорација на Групацијата Светска Банка дадена подолу:

- Трговија со диви животни и производи од диви животни согласно со Спогодбата за меѓународна трговија со загрозени диви видови на фауна и флора (CITES) (ова вклучува само меѓународна трговија со загрозени видови),
- Трансформација или деградација на критични природни живеалишта,
- Значителна трансформација или деградација на критични шумски подрачја,
- Испуштање на генетски изменети организми во природната средина,
- Производство, дистрибуција и продажба на забранети пестициди и хербициди (согласно со Законот за пестициди – забранети со националната регулатива),
- Производство, ракување и одложување радиоактивни производи,
- Еколошки опасни стоки,
- Производство на опрема и апарати кои содржат хлорофлуоројаглероди (CFC) или други супстанции кои се регулирани со Монтреалскиот протокол,
- Производство на електрична опрема која содржи полихлорирани бифенили (PCB) повеќе од 0,005% од тежината,

[4] Бараните Еколошки и социјални (ЕиС) релевантни документи ќе вклучуваат: дозволи / лиценци / одобренија, итн., за работење согласно со националното законодавство и да се докаже дека не се вклучени на негативната листа на СБ; еколошки дозволи; договори со вработените; интерни процедури за управување со еколошки и социјален ризик; интерни процедури за безбедност и здравје при работа; записници од инспекции (од страна на еколошки, санитарни, здравствено-безбедни и други надлежни власти); сите други релевантни документи

- Производство на производи кои содржат азбест,
- Производство или трговија со радиоактивни материјали, вклучително и нуклеарни реактори и нивни делови (ова не се однесува на набавки на медицинска опрема, опрема за мерење и квалитет на контролата и секаква опрема кај која Меѓународната финансиска корпорација смета дека радиоактивниот извор е тривијален и/или соодветно заштитен).
- Производство, преработка и продажба на тутун; машинерија за преработка на тутун,
- Производство на огнено оружје
- Производство или трговија со алкохолни пијалаци, со исклучок на пиво и вино, угостителски услуги и туризам.

Освен тоа, од поддршката се исклучени:

- компании кои работат без сите потребни дозволи / лиценци / одобренија, итн., кои се бараат со националното законодавство,
- компании кои вршат дејности кои има изгледи да извршат негативно влијание врз природните заштитени подрачја,
- компании кои вршат дејности кои има изгледи да влијаат врз културното наследство или дејности кои се одвиваат во зони на заштита на културното наследство/археолошки зони,
- компании кои имале негативни извештаи/записници од инспекции или судски спорови поврзани со животната средина во минатото,
- компании кои имале значителни проблеми поврзани со БЗР во последните 3 години (две или повеќе фатални или сериозни повреди за кои е одговорна компанијата),
- компании со дејности поврзани со брани во нивното портфолио,
- дејности кои би имале значително влијание врз меѓународните водни патишта во смисла на промени на истите.

## 5.4 Прашалник за квалификуваност за КПНВС

| ПРАШАЛНИК | | |
|---|---|---|
| **Ве молиме означете дали вашата компанија е вклучена во следниве активности:** | | |
| Трговија со животни и производи од животинско потекло забранети согласно Спогодбата за меѓународна трговија со загрозени видови на дива фауна и флора (CITES) | ○ да | ○ не |
| Производство, дистрибуција и продажба на забранети пестициди и хербициди | ○ да | ○ не |
| Производство, ракување и отстранување на радиоактивни производи | ○ да | ○ не |
| Складирање, третман и отстранување на опасен отпад сертифицирано/дозволено во согласност со националното законодавство и ЕУ | ○ да | ○ не |
| Користење на хлорофлуоројаглеродите (CFC) при производство или сервис или на други супстанци регулирани со Монтреалскиот протокол | ○ да | ○ не |
| Производство на електрична опрема што содржи полихлорирани бифенили (PBC) повеќе од 0,005% од тежина | ○ да | ○ не |
| Производство на производи кои содржат азбест | ○ да | ○ не |
| Производство на нуклеарни реактори и нивни делови | ○ да | ○ не |
| Производство на тутун, преработен или непреработен | ○ да | ○ не |
| Производство на машини за преработка на тутун | ○ да | ○ не |
| Производство на огнено оружје | ○ да | ○ не |
| Производство или трговија со алкохолни пијалоци (со исклучок на пиво и вино, угостителски услуги и туризам) | ○ да | ○ не |
| Игри на среќа | ○ да | ○ не |

| ЖИВОТНА СРЕДИНА | | |
|---|---|---|
| Дали во изминатата година компанијата имала негативни извештаи/записници или судски спорови поврзани со животната средина? | ○ да | ○ не |
| Дали компанијата била одговорна за смртни случаи или сериозни повреди на вработен на работно место во изминатата година? | ○ да | ○ не |

| Дали компанијата се обврзува да ги исполнува следните услови: | | |
|---|---|---|
| Сите вработени во компанијата да имаат договори за вработување | ○ да | ○ не |
| Да дава јасен опис на работните позиции и условите за вработување на своите вработени | ○ да | ○ не |
| Потврдување на возраста. Ве молиме за потврден одговор дека Вашата компанија не вработува малолетни лица | ○ да | ○ не |
| Компанијата ги исполнува и е во согласност со регулативите и националната стратегија за БЗР (со посебен акцент на градежната индустрија) | ○ да | ○ не |

**БЕЛЕШКА**:
*Треба да биде задолжително за сите фирми да одговорат на сите горенаведени прашања. Барателите не би требало да може да го поднесат барањето доколку не одговориле на сите прашања.

**Барањето треба да ги вклучи следната одредба и формулација: "Со притискање на ова поле, корисник на грант кој добива финансиски средства од Светска Банка преку овој процес на поднесување барање се согласува да ги почитува одредбите на Антикорупциските насоки на Светската Банка (https://policies.worldbank.org/sites/ppf3/PPFDocuments/40394039anti-corruption%20guidelines%20(as%20revised%20as%20of%20july%201,%202016).pdf).

# 6 Механизам за справување со поплаки

## Процес на справување со поплаки

Во согласност со барањето ЕСС10 на Светска банка, се воспоставува механизам за справување со поплаки и повратни информации.

Воспоставениот механизам за справување со поплаки се користи за целите на прибирање повратни информации, прашања и коментари во врска со оваа програма. Се воспоставува на почетокот на процесот заради навремен прием и постапување по коментарите и прашањата на засегнатите страни и обезбедување дополнителни информации за нето субвенциите на плати за друштвата / работодавачите опфатени со програмата.

Може да се појават разни видови поплаки. Едни од најчестите и очекувани поплаки во однос на програмата се претставени овде: се очекува поплаките да ги поднесуваат друштва кои сметаат дека се квалификуваат за поддршка преку Компонентата на итната мерка за непредвидени ситуации (CERC), но го испуштиле рокот за поднесување барање. Доколку таквите друштва поднесат поплаки, истите се упатуваат до одговорните служби за подносителите да добијат навремен одговор, вклучително и поддршка од владиниот фонд, онаму каде што тоа е соодветно. Исто така, друштво во однос на кое ќе биде издаден негативен извештај од ревизијата може да поднесе поплака и во врска со тоа. Освен тоа, поплаки може да поднесат и вработени кои не примиле поддршка на приходите и покрај тоа што нивниот(ите) работодавач(и) добиле средства.

Управата за јавни приходи (УЈП) е институцијата одговорна за системот за поднесување барања за субвенции на минималната нето плата. Поради тоа, **Механизмот за справување со поплаки (МСП) на прво ниво** се воспоставува во УЈП, истовремено со процесот на поднесување барања.

Секој Граѓанин/друштво пополнува Образец на барање - BFP-IP на следниот линк: http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/221. На овој линк, МСП е накусо објаснет во последниот параграф, а Образецот за МСП е даден во прилог (Анекс 1). Ваквата поставеност ќе му овозможи на секој граѓанин/друштво лесно да ја воочи можноста да пополни Образец за МСП веднаш по Образецот на барање, доколку смета дека е потребно да поднесе една или повеќе поплаки.

Образецот за поплаки е достапен на веб страната на УЈП, заедно со јасни информации за начинот на кој било коа засегната страна може да поднесе повратни информации, прашања, коментари, грижи и поплаки, како и информации во врска со управувањето со МСП од страна на проектната Единица за сообразување со вонредната состојба (ЕСВС), и во однос на процесот и на роковите. На веб страната е дадена и можност за електронско поднесување поплаки. Сите поплаки може да се поднесат анонимно. Се објавуваат на централно место на веб страната (види фотографија).




МСП може да се симне, да се пополни и да се поднесе до специјалната адреса на електронска пошта: finansiska.poddrska@ujp.gov.mk.

Поплаки може да се поднесат и преку:

- телефон: 02 3253 200 или 0800 33 000

- пошта: ул. 11 Октомври бр. 10, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

УЈП има формирано тим од тројца вработени кои ќе бидат одговорни за МСП за компонентата CERC. Тимот на УЈП ќе биде одговорен за справување со поплаките и за доставување одговори во рок од 15 дена по приемот.

Експертите за животна средина и социјални прашања на ЕСВС ќе добијат детален извештај од оваа електронска адреса, за да можат да ги изработат задолжителните извештаи во однос на спроведувањето на МСП и/или за да одговорат на некои од поплаките кои се во рамките на нивните надлежности и надлежностите на ЕСВС. Извештајот ќе се состои од список на примените поплаки, подносителите и добиениот одговор.

Освен тоа, со цел да се зајакне транспарентноста, УЈП ќе објави список на често поставувани прашања и примени поплаки и одговори на истите, за секој граѓанин/друштво да може да види дека одговорот што тие го добиле е ист како и за сите други.

ЕСВС ќе обезбеди дека МСП одговара на сите загрижености и поплаки, особено од засегнати граѓани/друштва и ранливи групи.

Заради поголема транспарентност и информирање на јавноста, Генералниот секретаријат ќе објави Список на друштва кои добиле средства за исплата на нето плати на својата веб страна, на истиот линк на кој се објавуваат документите за компонентата CERC. Списокот во најмала рака ќе ги содржи името на друштвото и видот на индустријата во која припаѓа. Алатката за транспарентност може да се поврзе и со линкот за отворени финансии: https://open.finance.gov.mk/mk/home.

За граѓани/друштва кои сакаат да поднесат официјална поплака (прифатлива на суд), УЈП ќе прилагоди и ќе креира образец на поплака, за кои граѓаните/друштвата ќе може да се информираат преку веб страната на УЈП, а кој ќе се поднесува преку порталот е-Даноци. По поднесената поплака, УЈП одлучува во врска со одговорот на поплаката. Во однос на тоа се води формална архива, а податоци и докази ќе се бараат во базата на УЈП, АВРСМ или од даночниот обврзник. Граѓани/друштва кои сакаат анонимно да поднесат поплака ќе може да го сторат тоа со испраќање на пополнетиот образец на поплака на специјалната адреса на електронска пошта: (finansiska.poddrska@ujp.gov.mk).

Во случај одредена поплака да не може да се реши на начин кој е задоволителен за подносителот, тој/таа има право на жалба. Во такви случаи, решавањето на поплаката ќе се разгледува **на второ ниво** од страна на Комисија на ниво на агенцијата за спроведување (Кабинетот на Генералниот секретар на Владата). Доколку подносителот е незадоволен и по добивање одговор на поплаката од страна на УЈП, тој/таа може да поднесе поплака по одговорот на УЈП до генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Оваа информација ќе биде содржана во одговорот доставен од УЈП.

Подносителите ќе може да ја поднесат поплаката на образец за МСП (Анекс 1), достапен на www.vlada.mk/CERC или на следната адреса на електронска пошта: finansiskimerki@gs.gov.mk.

Комисијата ќе се состои од три официјално назначени члена, кои не се директно вклучени во спроведување на Проектот. Комисијата го потврдува приемот на жалбата во рок од 3 дена и носи конечна одлука во рок од 10 дена по приемот. Комисијата при ГС има овластување да побара од УЈП да ја разгледа документацијата на подносителот и да даде повратни информации или да го советува подносителот да ги искористи можностите за решавање на прашањето по судски пат. Одлуката на Комисијата ќе содржи детално објаснување на процесот на справување со поплаки, како и образложение на конечната одлука и насоки за натамошно постапување на подносителот, доколку тој/таа не се задоволни со исходот. Поплаките и одлуките ќе е објавуваат на веб страната на Генералниот секретаријат.

Подносителите на поплаки може во кој и да е момент да прибегнат кон други равни лекови, во согласност со законската рамка на Република Северна Македонија, вклучително и **формална жалба на суд**.

За да се осигури функционирањето на МСП, треба да се преземат следните чекори:

**Чекор 1: Водење евиденција на примени поплаки во регистарот на МСП**

Со цел да се евидентираат и да се следат поплаките примени во рамките на проектот, се планира посебен регистар на МСП. Специјално назначени лица во УЈП, ГС и ЕСВС ќе водат евиденција на податоците за поплаките во регистарот на поплаки. За оние кои ќе достават официјална поплака, таквата евиденција ќе содржи:

- Доделен број на Поплаката (на секоја поплака треба да и се додели специфичен архивски број, кој треба да се наведува при секоја последователна кореспонденција)
- Датум на прием
- Име на засегнатата страна (или изјава дека поплаката се поднесува анонимно)
- Датум на потврда на приемот
- Опис на поплаката
- Опис на преземеното дејствие
- Датум на решавање на поплаката

ЕСВС го доставува Регистарот на поплаки до СБ еднаш месечно.

**Чекор 2: Итно доставување на потврда на прием до подносителот на поплаката и втора порака во рок од 5 дена по приемот**[5]

[5] Овој чекор се уште не е можно да се спроведе, но ќе биде разгледан и вклучен штом за тоа се обезбедат технички можности

- Стандарден одговор со текст „Ви благодариме на поракатаʺ, „Ви благодариме на електронската порака, ќе Ви одговориме што е можно поскороʺ (или автоматски одговор) треба веднаш да се испрати до подносителот на поплаката, за да му се даде на знаење дека пораката се разгледува. Исто така, одговорот треба да го содржи и доделениот број на поплаката, заради полесно следење на поплаките поднесени преку порталот е-Даноци.
- Втора порака треба да се испрати во рок од 5 дена, во која треба да се наведе дали поплаката дополнително се разгледува од страна на агенцијата или е упатена на друг ентитет или не содржи доволна основа за натамошно постапување.
- Оваа порака треба да содржи информации за процесот на жалба, во случај подносителот на поплаката да не е задоволен со резултатот.

**Чекор 3: Оценување и истражување на поплаката**

- Сите поплаки треба да се подвргнат на објективна оцена врз основа на фактите. Истражителите мора да бидат неутрални и без предрасуди.
- Комплетна истрага не е неопходна за сите поплаки. За некои, може да биде доволно да се спроведе куса анализа врз основа на документацијата.
- За оние поплаки за кои е неопходна истрага, одговорот треба да биде соодветен и пропорционален на злоупотребата за која постои сомневање дека е сторена. Тоа може да вклучува посета на локацијата на која се јавил потенцијалниот проблем. Може да биде корисно за истражителите да одат во посети во двојки, за да се овозможи прибирање докази и изјави од сведоци од страна на едниот колега и нивно разгледување од страна на другиот.
- ЗА секоја истрага треба да се водат прописни белешки, вклучително и списоци на сведоци, докази, итн., дневник на дејствија, итн. Одредени истраги може да завршат како судски предмети, така што е битно да се води правилна евиденција.
- До Светска Банка треба да се доставуваат резимирани извештаи еднаш месечно, дури и да нема поплаки.
- Во случај некоја поплака да се однесува на измама или корупција, за тоа треба веднаш да се извести Светска Банка.

**Чекор 4: Доставување одлука до подносителот во рок од 15 дена по приемот на поплаката**

- Ќе се вложат напори справувањето со сите поплаки да се заврши во рок од 15 дена по приемот. Меѓутоа, одредени поплаки може да бидат сложени или да резултираат со неочекувани последици, па да бидат потребни повеќе од 15 дена за решавање на таквите поплаки, особено во вонредна состојба.

**Чекор 5: Последователни дејствија**

Поуките извлечени од поплаките и предметите може да бидат извонредно корисни за идни програми/проекти.

## 6.1 Систем за справување со поплаки на Светска Банка

Заедниците и поединците кои сметаат дека се негативно засегнати од проект на поддршка на Светска Банка (СБ) може да поднесат поплака до постојните механизми за справување со поплаки или до Службата за поплаки (СП) на СБ. СП

обезбедува промптно разгледување на примените поплаки, со цел да се решат проблемите поврзани со проектот. Заедниците и поединците засегнати од проектот може да ги поднесат нивните поплаки до независниот Инспекциски панел на СБ, кој утврдува дали е причинета или би можело да биде причинета штета како резултат на непочитување на сопствените политики и процедури од страна на самата СБ. Поплаките може да се достават во секое време по укажување на проблемот директно до Светска Банка и откако ќе и се даде можност на Управата на Банката да одговори. Информации за начинот на кој поплаките може да се поднесат до корпоративната Служба за поплаки (СП) на Светска Банка може да се најдат на http://www.worldbank.org/en/projects-operations/products-and-services/grievance-redress-service. Информации за начинот на поднесување поплаки до Инспекцискиот панел на Светска Банка може да се најдат на www.inspectionpanel.org

# 7 Следење и известување

ОСП ќе биде одговорно за севкупниот надзор, прибирање на податоците и известување за напредокот на КПНВС и резултатите од скринингот. Извештајот, со Извештај од скринингот приложен кон истиот, ќе биде објавен во текот на последниот месец од активноста на КПНВС (најдоцна до 1 септември).

Светска Банка ќе изврши последователна супервизија на одреден примерок од барањата.

# 8 Јавни консултации

Нацрт-верзијата на РУЕСП ќе биде јавно објавена најмалку пет дена пред почетокот на Програмата, на веб-страниците на агенцијата за спроведување и на СБ. Информативните пакети ќе содржат:

1. Објава на КПНВС, вклучително:
    a. Кус опис на КПНВС
    b. Начини на доставување коментари и повратни информации
    c. Клучни рокови
2. Односните нацрт-документи според ЕСР.

Јавното објавување на нацрт-документот и на почетокот на Програмата ќе биде објавено преку радиото, ТВ, пишаните и електронските медиуми, како и преку расположливите профили на социјалните мрежи и веб-страниците на Владата и на Агенцијата за спроведување, како дел од севкупните активности за Вклучување на засегнатите страни опишани погоре.

Коментарите добиени во врска со нацрт-документот ќе бидат разгледани веднаш по нивниот прием од страна на специјалистот за ЕиС на ПОСИС. Главните коментари ќе бидат вградени во конечната верзија на РУЕСП и ќе бидат обелоденети, заедно со извештај за повратните информации, т.е. (i) список на медиумите на кои е објавено обелоденувањето, (ii) содржината на

објавата, (iii) времето на објавување, (iv) список на добиени повратни информации.

Освен тоа, со Програмата за КПНВС ќе се спроведе брза, но интензивна информативна кампања, со цел да се обезбеди сите потенцијални компании и вработени-корисници да бидат известени за Програмата, а особено за процесите и процедурите со чија помош ќе може да се стекнат со придобивки од Програмата, вклучително и критериумите за квалификација и постапката на поднесување барање. Информативната кампања ќе се спроведе во согласност со одредбите наведени во Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) на Програмата.